Врз основа на член 7 од Законот за комунални дејности (Службен весник на РМ бр.45/97;23/99;45/2002;16/2004) и член 21 став 1 точка 19,20,21 и 22 од Статутот на општина Зрновци (Службен гласник на општина Зрновци бр.5/2005),Советот на општина Зрновцина седницата одржана на ден 30.12.2008 година донесе донесе:

# О Д Л У К А

За комунален ред на Општина Зрновци

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа одлука се уредува комуналниот ред на општина Зрновци и се пропишуваат мерки за спроведување на комуналниот ред.

Член 2

Под комунален ред во смисла на оваа Одлука се подразбира поблиско уредување на односите помеѓу физичките и правните лица даватели и корисници на комунални услуги и начинот на вршење на комуналните дејности.

Под мерки за спроведување на комуналниот ред во смисла на оваа Одлука се подразбира донесување на Програми на општината, уредување на изворите на средства за финансирање на комуналните дејности, надзорот над спроведувањето на оваа Одлука и казнените мерки предвидени за прекршителите.

Член 3

Комуналните дејности кои се уредуваат со оваа Одлука се:

1.Снабдување на вода за пиење;
2.Одведување на отпадни и атмосферски воид;
3.Јавен градски и приградски превоз;
4.Одржување на јавно осветлување;
5.Одржување и користење на пазари;
6.Одржување на комунални уреди;
7.Дезинфекција и дератизација.
8.Одржување на гробови и гробишта и давање погребални услуги;

Член 4

Јавното претпријатие за комунални дејности и физичките и правните лица кои вршат комунални дејности со дозвола и концесија ( во понатамошниот текст-Даватели на услуги) се должни да обезбедат трајно и квалитетно вршење на дејностите од член 3 на оваа Одлука, како и

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

одржување на објектите и опремата на комуналната инфраструктура во функционална состојба.

Член 5

Дозволата за вршење на комунална дејност и дозвола за концесија согласно член 14 и 35 од Законот за комунални дејности, од член 4 на оваа Одлука ја дава органот кој ја донесува Одлуката за комунален ред или од него овластен орган на општината.

Член 6

Како корисници на услугите во смисла на оваа Одлука се сметаат физичките и правните лица кои живеат или престојуваат на подрачјето на општината.

Член 7

Корисниците на услугите се должни да се придржуваат на одредбите на оваа Одлука.

Член 8

Развојот на комуналните дејности се врши со Планови и Годишни програми кои ги донесува Советот на општината.

Член 9

Финансирањето на комуналните дејности се врши според годишна програма која ја донесува Советот на општината.

## II.ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

### 1.Снабдување со вода за пиење

Член 10

Под снабдување со вода за пиење се подразбира зафаќање, обработка и дистрибуција на вода до мерниот инструмент на корисникот.

Член 11

Давател на услугата на дејноста од член 10 на оваа Одлука е КЈП „Водна Кула , или друго правно лице кое има дозвола од Советот и задоволува по Законот за обезбедување вода за пиење.

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

Член 12

Водоводните мрежи и придружни објекти и уреди во смисла на оваа Одлука се:

- -јавната водоводна мрежа до мерниот инструмент на корисникот;
- -објектите и уредите за каптирање, пумпање, пречистување и хлорирање на водата и
- -шахтите, затварачките комори и резервоари за вода.

Проектирање, изградба и реконструкција на водоводната мрежа се врши според изработена техничка документација.

Член 14

Заради заштита на водата за пиење од изворите се воспоставуваат една или повеќе заштитни зони.

Член 15

Земјиштето во определените заштитни зони се експроприра и истото не може да се користи за други цели, ниту пак на тој простор може да се градат инвестициони објекти.

Големината и границите на заштитните зони се определуваат со Одлука на Советот на општината.

Член 16

Квалитетот на водата за пиење мора да ги задоволи нормите утврдени со закон и подзаконски акти, а кои се однесуваат на санитарно-техничките, бактериолошките и хемиските услови за исправна вода за пиење.

За квалитетот и исправноста на водата за пиење е одговорен давателот на услугата.

Член 17

Давателот на услугата е должен да врши дезинфекција на водата и да обезбеди секојдневно испитување на хемиската и бактериолошката исправност на водата, како и санитарно-техничко одржување на објектите.

Член 18

Давателот на услугата е должен да обезбедува редовно и непрекинато снабдување со вода за пиење и притисок на мрежата според водостопанската основа, освен во случаи на:

- -елементарни непогоди;
- -поголеми хаварии, дефекти или оштетувања на водоводната мрежа и
- -прекин на снабдувањето со електрична енергија, кога сопствените агрегати се во дефект.

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

Член 19

Во случај на недостиг на вода за пиење заради елементарна непогода, давателот на услугата е должен да даде упатство за штедење и приоритет во користењето на водата во соработка со Советот на општината.

Во случаите од став 1 на овој член , водата првенствено ќе се користи за пиење.

Член 20

Во случај на дефект на водоводната мрежа, давателот на услугата е должен да ги извести корисниците на услугите за прекинот и времетраењето на прекинот преку средствата за јавно информирање.

Во случаите кога поради дефект на водоводната мрежа, корисниците не можат да се снабдуваат со вода за пиење подолго од 24 часа, давателот на услугата е задолжен да ги снабди со потребните количества вода за пиење.

Член 21

Во случаите кога отстранувањето на дефектите на водоводната мрежа бара раскопување на улица, коловозот или јавната зелена површина, давателот на услугата е должен да прибави одобрение за раскопување на улицата, коловозот или јавната зелена површина од општината, истата да ја извести најмалку еден час пред почетокот на раскопувањето и да ги превземе сите мерки за предупредување на учесниците во сообраќајот со соодветна сообраќајна сигнализација.

По завршување на работите од став 1 на овој член давателот на услугата е должен улицата и земјиштето да ги доведе во првобитна состојба.

По исклучок, во итни случаи, при поголеми дефекти на водоводната мрежа, давателот на услугата може веднаш да превземе мерки за отстранување на дефектот без претходно да го прибави одобрението од став 1 на овој член, а за тоа дополнително да ги извести општината и Управниот одбор на КЈП ,,Водна Кула,, Зрновци .

Член 22

Заради нормално одвивање на работите за отстранување на дефектот на водоводната мрежа која минува низ земјиште што е сопственост или на кое корисник е физичко или правно лице, давателот на услугата има право несметано да ги изведува работите.

По завршување на работите од став 1 на овој член, давателот на услугата е должен земјиштето да го доведе во првобитната состојба или да ја надомести штетата.

Височината на штетата ја определува Комисија формирана од Управниот одбор на КЈП ,,Водна Кула,,.

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

Член 23

Пред пуштање во употреба на јавен водовод или дел од мрежата, пред приклучување кон постојниот јавен водовод , како и поправка на дефекти на водоводната мрежа или други објекти на јавниот водовод се врши дезинфекција на објектот.

Член 24

Приклучување на водоводна мрежа се врши врз основа на Договор за уредување на градежно земјиште склучен помеѓу корисникот и општинаЗрновци.

Давателот на услугата не смее да врши приклучување на водоводната мрежа на објекти изградени без одобрение од надлежен орган од областа на урбанизмот во општината.

Член 25

Корисниците на услугите се должни да плаќаат надоместок за потрошена вода.

Член 26

Во населените места каде постои јавен водоснабдителен систем секој корисник е должен да се приклучи на истиот и да го напушти индивидуалниот.

За неплаќање на услугите од член 25 на оваа Одлука подолго од 3 (три) месеци, давателот има право да изврши исклучување од користење на вода од јавната водоводна мрежа, се додека не се исплати долгот за потрошена вода.

Повторното приклучување на водоводната мрежа го врши давателот на услугата.

Трошоците за повторно приклучување на водоводната мрежа пагаат на товар на корисникот.

Член 27

Се забранува:

- -самоволно изведување на јавна водоводна мрежа и приклучоци;
- -поврзување на внатрешни водоводни инсталации со јавна водоводна мрежа со водоводни инсталации и уреди кои добиваат вода од индивидуални извори;
- -бесправно користење на вода пред водомер;
- -директно приклучување на уреди што користат отровни и штетни материи со јавниот водоводен сsстем на водоводната инсталација на корисникот;
- -трајно паркирање над водоводни шахти.

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

**2.Одведување на отпадни и атмосферски води**

Член 28

Под одведување и пречистување на отпадни води се подразбира прифаќање на отпадни води од куќниот приклучок на дворната канализациона мрежа, одведување со улична канализациона мрежа, пречистување и испуштање во реципиент, како и чистење на септички јами.

Под одведување и испуштање на атмосфертски води се подразбира прифаќање на атмосферски води од урбани површини, одведување со канализациона мрежа и испуштање во реципиент.

Системот од став 1 на овој член го сочинуваат колектори, затворени улични канали и црпни станици.

Член 29

Одведувањето на отпадните и атмосферските води во општина Зрновци го врши КЈП ,,Водна Кула..

Член 30

Атмосферската и фекалната канализација се изведува посебно, при што атмосферската не смее да се постави под фекалната, а исто така во атмосферската канализација не смеат да се приклучат отпадни и фекални води.

Член 31

Се забранува фрлање на разни предмети во канализационата мрежа, како што се : коски, пепел, гипс, цемент, крпи, песок, мраз и сл., како и материи што можат да предизвикаат експлозија или да ја ошптетат мрежата и да го спречат нормалното функционирање било преку куќна канализација, сливникот или преку шахтата.

Член 32

Приклучување на јавната канализациона мрежа се врши врз основа на Договор за уредување на градежно земјиште склучен помеѓу корисникот и општината.

Трошоците за приклучувањето на канализационата мрежа пагаат на Товар на корисникот.

Член 33

Корисникот кој ќе се приклучи на канализационата мрежа преку или од соседниот имот, по завршување на работите должен е соседниот имот да го доведе во првобитната состојба, како и да ја надомести секоја штета што ја направил со спроведување на приклучокот на канализационата мрежа.

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

Член 34

Во населените места во кои постои изградена канализациона мрежа не можат да се градат септички јами , туку објектите задолжително се приклучуваат на канализационата мрежа.

Кога се врши приклучување во канализационата мрежа, корисникот е должен септичката јама која нема да се користи, претходно целосно да ја испразни, исчисти и дезинфекцира.

Септичката јама не смее да се испушта во уличната канализација.

Член 35

Корисниците се должни веднаш да го известат давателот на услугата за секакво оштетување што ќе настане на канализацискиот приклучок односно одводниот канал.

Во населените места во кои не е изградена фекална канализација, испуштањето на фекалните води се врши во септичките јами.

Септичките јами да се изградат согласно техничките норми, а локациските услови ќе ги утврди надлежен орган од општината.

Член 36

Сопствениците чии објекти не се приклучени на канализационата мрежа која не е изградфена, должни се редовно да ги празнат септичките јами.

Фекалиите и фекалните материи од септичките јами задолжително се изнесуваат со специјална цистерна, од страна на КЈП Водна Кула или физичко или правно лице кое добило дозвола за вршење на комунална дејност и се испуштаат во канализациона мрежа на точно определено место.

Член 37

Се забранува:

-испуштање на било какви цврсти материи: песок,земја, камења, дрво, пепел, трска, метал, стакло, пластични маси, катран и други слични материи со поголем вискозитет;

-испуштање на отпадни води, чија концентрација на сулфатниот јон не е поголема од 400 мг/л, како и отпадни води од септички јами и градски смет;

-отпадни материи и води кои со своето агресивно дејство ги оштетуваат ѕидовите на уличната канализација;

-нафта и нафтени деривати, како и цврсти и течни запаливи и експлозивни материи и

-приклучување на отпадни и атмосферски води во јавната канализациона мрежа за која нема дозвола за употреба.

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

**3.Јавен превоз**

Член 38

Под јавен превоз во смисла на оваа Одлука се подразбира превоз на патници на линии во населените места во општината.

Член 39

Јавниот превоз го вршат физички или правни лица со дозвола за вршење на превоз.

Физичкото или правното лице давател на услугата од став 1 на овој член мора да има лиценца за вршење на дејноста.

Член 40

Автобусите со кои се врши превоз на патници во сообраќајот мора да имаат правилно прицврстени седишта, да бидат чисти и да имаат противпожарен апарат.

Член 41

Во автобусите со кои се одвива сообраќајот мора да биде истакнат на видно место бројот на регистрирани места за седење и стоење, натписот " забрането пушење" и називот на линијата на која се врши превоз.

Член 42

При вршење на превоз во сообраќај, автобусите може да застануваат само на автобуски станици.

Под автобуска станица од став 1 на овој член се подразбира уреден простор надвор од коловозната лента одреден и одбележан за застанување на автобуси и за безбедно качување односно слегување на патници.

Член 43

Крајните точки во сообраќајот во секое населено место застануваат пред автобуските свртелишта.

Под автобуско свртелиште од овој член се подразбира уреден простор наменет за качување и слегување на патници и свртување на возилото заради промена на насоката на движење.

Член 44

Изградбата, одбележувањето, опремувањето и одржувањето на автобуските свртелишта го вршат физички или правни лица со дозвола добиена од општината.

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

Член 45

Превозот на патници со комбе возило со 9 седишта може да се врши само во населени места каде не е организиран приградски превоз.

По исклучок од претходниот став, превоз со комбе возило, може да се врши и на линии на кои е организиран приградски превоз

Превозот со комбе возило може да се врши само по претходно издадена лиценца и дозвола за превоз.

Член 46

Распределбата на линиите во превозот ја врши Комисија од три члена формирана од страна на Советот на општината.

Комисијата од претходниот став на овој член распишува оглас за распределба на линиите.

Во огласот мора да бидат содржани сите линии на кои се врши превоз на патници.

Огласот трае 8 (осум) дена и се објавува во средствата за јавно информирање.

Член 47

На огласот може да се пријават само физички и правни лица кои од општината имаат добиено лиценца за вршење на посебен линиски превоз.

Член 48

Приоритет при распределба на линиите имаат физичките и правните лица кои ќе понудат најниска цена на превоз на патници.

Член 49

На Одлуката на Комисијата од став 1 на член 46 од оваа Одлука може да се поднесе жалба до Министерството за транспорт и врски во рок од 15 дена од денот на приемот на известувањето.

Член 50

Врз основа на Одлуката на Комисијата, општината издава дозвола за вршење превоз на патници.

Член 51

Со експлоатација на линијата, превозникот кој добил дозвола за вршење на превоз е должен да отпочне со превоз во рокот утврден со дозволата.

Доколку превозникот не започне со превоз во определениот рок , го губи правото да врши превоз на таа линија , а општината ќе му издаде дозвола за превоз на следниот поволен учесник во огласот.

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

Член 52

Одржувањето на јавната чистота ќе се уреди со Програма за јавна чистота.

Член 53

Изнесувањето на комуналниот и цврст отпад ќе се уреди со Програма за јавна чистота.

Член 54

Одржувањето на гробови, гробишта и давање на погребални услуги ќе се уреди со Програма за гробови, гробишта и давање на погребални услуги.

**4.Одржување на јавно осветлување**

Член 55

Под одржување на јавно осветлување се подразбира одржување на улично осветлување во населените места во општината.

Член 56

Одржувањето на јавното осветлување го врши Опшината преку правно лице со дозвола за вршење на дејноста.

Со правното лице од став 1 на овој член се склучува посебен Договор за одржувањето на уличното осветлување во населените места во општина Зрновци .

Член 57

Давателот на услугата е должен јавното осветлување да го одржува во функционална состојба согласно одлуката и програмата за јавно осветлување донесени од Советот на општината.

Член 58

Се забранува:

- -оштетување на столбовите на кои се поставени улични светилки;
- -оштетување и уништување на уличните светилки и
- -поставување на било какви предмети на столбовите и светилките без одобрение на давателот на услугата.

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

**5.Одржување и користење на пазарите**

Член 59

Под одржување и користење на пазари и пазарни места се подразбира одржување на комуналните објекти, односно просторот и објектите изградени за промет на стоки, земјоделски производи и други стоки.

Член 60

Давателот на услугите од член 59 е КЈП Водна Кула- Зрновци . Давателот на услугите е должен пазарот и пазарните места секојдневно да ги чисти и одржува во уредна хигиенска состојба, а во зимскиот период да го чисти снегот и ледот.

Член 61

Ден во кој се одржува пазарот е сабота.

За време на државни и верски празници може да се одобри продажба на мешовити стоки (галантерија, бижутерија, свеќи, честитки), на места определени со посебна Одлука.

Член 62

Работно време на пазарот е :

-од 06,00 - 17,00 часот во летниот период

-од 07,00-16,00 часот во зимскиот период.

Член 63

На пазар може да се изложат секој вид на земјоделски производ.

**6.Одржување на комунални уреди**

Член 64

Под одржување на комунални уреди се подразбира одржување во функционална состојба на чешми, фонтани, часовници, мерни инструменти и други комунални уреди и опрема.

Член 65

Одржувањето на комуналните уреди го врши КЈП „Водна кула„ или физичко или правно лице со дозвола за вршење на дејноста.

Член 66

Поставувањето на комуналните уреди се врши според проектите за паркирање и уредување на просторот и објектите каде што се поставуваат комуналните уреди.

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

Член 67

На проектите за партерно уредување на просторот и објектите каде што се поставуваат комуналните уреди согласност дава Советот на општината.

Член 68

Се забранува:

- -кршење на уредите и опремата;
- -пишување на натписи, шарање или цртање по истите;
- -фрлање или оставање на комунален цврст отпад на истите;
- -загадување на водата во фонтаните;
- -поливање со било какви течности на комуналните уреди.

**7.Дератизација и дезинфекција**

Член 69

Под дератизација во смисла на оваа Одлука се подразбира уништување на стаорци и глувци, а под дезинфекција се подразбира уништување на микроорганизми во воздух и во објекти.

Член 70

Дератизација и дезинфекција врши КЈП „Водна Кула„ или физичко или правно лице со дозвола (давател на услуга).

Член 71

Дератизација и дезинфекција се вршат на јавни површини, комунални, станбени и деловни објекти.

Член 72

Вршењето на дератизација и дезинфекција на станбен и деловен простор пага на товар на сопствениците односно корисниците на објектите.

**8.Одржување на гробови, гробишта и давање погребални услуги**

Член 73

Под одржување на гробови, гробишта и давање погребални услуги се подразбира одржување на гробовите, гробиштата, просторот, зградите и

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

давање погребални услуги и тоа:преземање, чување, опремување и превоз на умрените до местото на закоп, закоп или кремирање.

Член 74

Одржувањето на гробовите и гробиштата ќе го врши КЈП „Водна Кула„. .

Давател на погребални услуги ќе биде посебен субјект формиран од општината или физичко или правно лице со дозвола за вршење на оваа дејност.

Член 75

Закоп на умрените се врши само на гробишта.

Член 76

Посмртните останки на умрениот до закопот се чуваат во мртовечница.

Посмртните останки на умрениот дawателот на услугата ги пренесува во мртовечница најдоцна 12 часа од денот на настапување на смртта.

Ако нема изградено мртовечница умрениот се чува во домот во кој пред настапувањето на смртта живеел.

Член 77

Умрените од заразни болести се сместуваат во посебна просторија во мртовечницата.

Забрането е да се изложуваат останките на умрениот од заразна болест.

Член 78

Гробиштата се определуваат на место предвидено со урбанистички план .

Гробиштата се определуваат за секое населено место.

Гробиштата не можат да се определат на санитарно-заштитни подрачја на кои се наога или се предвидени јавни објекти за снабдување со вода за пиење.

Член 79

Давателот на услугата се грижи за гробовите и гробиштата согласно техничката документација и санитарните прописи.

Со техничката документација се уредува просторот, распоредот на гробовите и нивните димензии.

Член 80

Давателот на услугата особено се грижи за санитарно-техничките објекти на гробиштата, проодност и бетонирање на патеките низ гробиштата, одржување на чистотата и зеленилото на гробиштата.

Давателот на услугата е должен просторот во гробиштата да го одржува чист и да го изнесува отпадот најмалку два дена во неделата.

Член 81

За обликување на надгробните споменици, плочи и знаци одлучуваат семејствата на погребаните лица во согласност со документација за уредување на гробовите.

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

Член 82

Поставување на гробовите и патеките во гробиштата се врши според документација која ја изготвува давателот на услугата.

Давањето на гробните места го врши давателот на услугата.

Член 83

Трошоците за земјиштето на гробот, ископот на гробот и преносот на починатиот паѓаат на товар на семејството односно блиските роднини на починатиот.

Член 84

На гробиштата можат да се соберат граѓани само во врска со погреб на умрениот и вршење на други верски обреди.

Се забрануваат секакви собирања на гробиштата кои не се во врска верските обреди и обичаи.

Член 85

Корисниците на услигите се должни отпадот од чистењето на гробовите да го собираат и да го изнесуваат во контејнерите поставени од давателот на услугата.

Се забранува отпадот од гробиштата да се фрла на јавни површини.

Член 86

На гробиштата се забранува:

-оштетување на гробовите, надгробните споменици со газење, кршење, пишување, истурање на отпадни води и други штетни материи;

-влегување во секаков вид возило , освен возилото со кое се врши пренос на умрените;

-фрлање на отпад на слободните површини меѓу гробовите;

-влегување со кучиња;

-напасување на добиток и живина и

-вршење на трговски и други дејности.

## III.МЕРКИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА КОМУНАЛНИОТ РЕД

Член 87

Мерките за спроведување на комуналниот ред за вршење на дејностите од член 3 на оваа Одлука се утврдуваат со годишни програми за секоја дејност поодделно во рамките на условите утврдени со оваа Одлука.

Годишните програми од став 1 на овој член ги донесува Советот на општината.

## IV.ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА

Член 88

Средствата за финансирање на комуналните дејности од член 3 на оваа Одлука се утврдуваат со годишните програми од член 73 на оваа Одлука.

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

Член 89

Индивидуалната комунална потрошувачка се финансира од цената на комуналните услуги согласно закон.

Заедничката комунална потрошувачка се финансира од:

- -надоместок за употреба на градежното земјиште-рента во висина од 50% од вкупно прибраните средства по оваа основа;
- -цената на комуналната услуга;
- -буџетот на општината и
- -други наменски средства утврдени со закон

## V.ВРШЕЊЕ НА НАДЗОР

Член 90

Надзор над примената на оваа Одлука врши општината.

Член 91

Инспекциски надзор во спроведувањето на оваа Одлука врши општинскиот инспектор за комунални работи.

Член 92

По жалбите поднесени против решенијата на општинскиот инспектор за комунални работи, одлучува Министерството за транспорт и врски.

Инспекторот за комунални работи има легитимација, која ја издава градоначалникот на општината.

## VII.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 93

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Зрновци .

Совет на Општиина Зрновци
Претседател,
Ванчо Николов с.р

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)